Архивски број: 08-378/4
Датум: 05-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 378/1 од 30.05.2023 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи против Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.07.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи кон [redacted] од страна Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија.

## Образложение

На 30.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 378/1, од страна на подносителот [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи против Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија.

Во претставката се наведува дека подносителот е избран за вршење на функцијата судија на Уставниот суд во 2018 година. Тој смета дека е дискриминиран од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија поради неподмирување на патните трошоци на релација Скопје – Кичево и Кичево – Скопје, коишто му следуваат согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Подносителот во два наврати писмено се обратил до Комисијата за прашања на изборите и именувањата со Барање за подмирување на патни трошоци, на 21.03.2019 година и на 22.01.2021 година. Дополнително, наведува дека за истата работа неколкупати и усно се има обратено до Комисијата за прашања на изборите и именувањата, од каде му било соопштено дека неговото барање не е спорно, туку пречката е при обезбедување на кворум во самата Комисија. Врз основа на изнесеното, подносителот смета дека е дискриминиран, бидејќи подолг временски период не може да го оствари правото на патни трошоци кое му следува по сила на закон.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 20.06.2023 година испрати

Известување бр. 08 - 378/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор и дополнително ги побара следниве информации:

- Зошто на подносителот [redacted] не му е даден одговор на Барањета за подмирување на патните трошоци? и
- Дали во периодот од 21.03.2019 година до сега е донесена Одлука за признавање на надоместок по основ на патни трошоци за некое друго избрано или именувано лице?

На 30.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 378/3 од Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека по однос на наводите од претставката не постои никаков основ за дискриминација. Тоа од причина што Комисијата за прашања на изборите и именувањата во наведениот период, поточно од 21.03.2019 година, па сè досега нема донесено било каква Одлука за надоместок на патни трошоци на избрани и именувани лица.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, тој мора да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Во случајот подносителот првично **требал да докаже дека повредата, односно штета, во случајот неподмирување на патни трошоци се должи на конкретна дискриминаторска основа или заштитна карактеристика на подносителот.** Понатаму, во конкретниот случај **не е утврдено ниту понеповолно постапување или нееднаков третман** кон подносителот, од причина што Комисијата за прашања на изборите и именувањата по однос на конкретната правна работа постапила исто за сите избрани и именувани лица. Од тврдењата изнесени во поднесокот за произнесување произлегува дека надлежната Комисија воопшто нема донесено Одлука за подмирување на патните трошоци за ниту едно избрано или именувано лице. Со оглед на тоа што ниту едно избрано и именувано лице не го остварило правото на надоместок за патни трошоци, не може да стане збор за дискриминација. Во таков случај, кога конкретна повреда на право не е поврзана со нееднакво постапување засновано на заштитна карактеристика на лице или група, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да постапува.

При така констатирана состојба, **во недостаток на нееднаков третман и** повреда на право заснована на **дискриминаторска основа,** не може да стане збор за

дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Северна Македонија кон [redacted].

Скопје,
05.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Комисија за прашања на изборите и именувањата при Собрание на Република Северна Македонија на адреса бул. „11 Октомври“ бр. 10, 1000 Скопје
- [redacted]